**АНАЛИЗА**
**НА ПОВЕДЕНИТЕ УПРАВНИ СПОРОВИ**
**ПРОТИВ АКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И**
**АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**(во периодот од јануари 2016 година до декември 2016 година)**

***Вовед***

Институтот управен спор односно судската контрола над работата на органите на управата е битен елемент на правната држава како механизам за заштита на правата и интересите на граѓаните во работите пред управните органи и институциите со јавни овластување и средство за обезбедување и зацврстување на законитоста на работата на овие органи.

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[1] го гарантира правото на судска заштита по повод актите донесени од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, така што против одлуките и решенијата на Агенцијата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор.

Заради согледување и приказ на состојбата во однос на тоа во колку случаи биле оспорени актите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и кои акти на Агенцијата биле предмет на управен спор, Агенцијата ја изработи оваа анализа, кој во својот фокус ги има управните спорови кои против актите на регулаторот беа поведени во текот на 2016 година.

Во анализата најнапред прикажана е нормативната рамка за институтот управен спор во Република Македонија, релевантните одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во врска со правото на судската заштита односно правото за поведување управен спор против актите донесени од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, понатаму прикажани се надлежностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, надлежностите на нејзините органи, како и на мерките кои Агенцијата ги презема во случај на повреда на прописите, утврдената состојба по однос на предметот на анализата. На крајот од анализата дадени се заклучни согледувања произлезени врз основа на констатираната состојба при анализирањето.

---

[1] Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16)

## 1. Нормативна рамка

Судската заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања во Република Македонија е утврдена во Уставот на Република Македонија. Па така, согласно член 50 став 2 од Уставот, се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.[2]

Ваквата уставна гаранција понатаму е операционализирана во Законот за управните спорови, донесен од страна на Собранието на Република Македонија во 2006 година[3]. Споменатиот закон ги дефинира основните цели на управниот спор, и тоа: судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица, како и обезбедување на законитост. Законот за управните спорови го утврдува поимот на управниот спор односно утврдува дефиниција на управниот спор како правен институт која гласи: заради обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и заради обезбедување на законитоста, судот, во управни спорови одлучува за законитоста на актите на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога решаваат за правата и обврските во поединечни управни работи, како и за актите на тие органи донесени во прекршочна постапка. Во Законот за управните спорови во однос на можноста за поведување управен спор начелно е вграден принципот на општа (генерална) клаузула односно можноста за поведување на управен спор против акти со кои се решава за правата и обврските во поединечни управни работи, но исто така видно од членот 2 од Законот за управните спорови, прифатен е и принципот на енумерација (набројување) на одделните поединични случаи за кои изрично е предвидена можност за поведување управен спор.

Законот за управните спорови во членот 16 ја пропишува стварната надлежност за одлучување во управен спор, на начин што нормира дека: Управниот суд во управен спор одлучува во прв степен по тужба против управни акти, Вишиот управен суд одлучува по жалби против одлуките на Управниот суд во прв степен, додека пак Врховниот суд одлучува по вонредни правни средства против одлуките на Вишиот управен суд. Законот во членот 6 утврдува што се подразбира под орган, во смисла на овој закон, при што утврдува дека под орган се подразбираат органите на државната управа, Владата на Република Македонија, други државни органи, управни

[2] http://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx
[3] Закон за управните спорови („Службен весник на Република Македонија", бр.62/06, 150/10)

организации, општините и градот Скопје, јавните претпријатија, трговските друштва, фондови, установи, организации и заедници, здруженија и други организации и заедници кога во вршењето на јавни овластувања решаваат во управни работи.

Законот за управните спорови во членот 7 од истиот, го определува и поимот на управен акт во смисла на овој закон, при што пропишува дека управен акт е акт со кој органите од членот 6 на Законот за управните спорови, решаваат за извесно право или обврска на физичко или правно лице, односно друго лице кое може да биде странка во определена управна работа, како и актите на тие органи донесени во прекршочната постапка.

По однос на судските одлуки, Законот за управните спорови пропишува дека во управен спор судот носи решение или пресуда. Со решение судот ја запира постапката односно ја отфрла тужбата, во случаите определени во членовите 24, 25 и 26 од Законот, како и со решение одлучува за времените мерки од членот 15 на Законот за управните спровови. Судот го решава управниот спор со пресуда. Па така, согласно член 39-а од Законот за управните спорови, Судот донесува пресуда со која судот ја уважува тужбата како основана – во случај кога ќе најде дека оспорениот акт е незаконит и дека тужбата е основана и на закон заснована, во кој случај судот го поништува оспорениот управен акт или пресуда со која судот ја одбива тужбата како неоснована – во случај кога ќе најде дека оспорениот акт е законит.

Правото на судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица односно правото за поведување управен спор против актите донесени од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го гарантира во членот 24.

Најнапред, надлежностите на регулаторното тело се утврдени во член 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Согласно нормативното законско решение Агенцијата е надлежна да се грижи за обезбедување на јавност во работата на радиодифузерите, за поттикнување на слободата на изразување, за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, охрабрување и поддржување постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да презема мерки во согласност со Законот во случаите кога е извршена повреда на неговите одредби или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите, да се грижи за обезбедување заштита на малолетните лица, да донесува актите кои произлегуваат од Законот, да се грижи за заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, да утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација, да одлучува за доделба, одземање или продолжување на дозволите за телевизиско или

радио емитување, да презема мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија согласно со членот 45 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да донесува листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија, да поттикнува медиумска писменост, да врши надзор согласно со членовите 28, 29 и 30 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да ги води регистрите утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да спроведува истражувања и анализи во врска со одделни прашања од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, да врши мерење на гледаност или слушаност на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија, и други работи утврдени со Законот.

Агенцијата ги врши работите од својата надлежност во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него, Законот за медиуми, Законот за општата управна постапка, доколку со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поинаку не е одредено, други закони и стратешки документи на Република Македонија, како и меѓународните договори од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги што ги склучила или на кои им пристапила Република Македонија.

Своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги извршува преку нејзините органи: Совет на Агенцијата и директор.

Советот на Агенцијата е надлежен да: донесува одлука за распишување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување; донесува одлука за доделување, одземање или продолжување на дозволата за телевизиско или радио емитување; донесува одлука со која се дозволува, односно забранува промена во сопственичката структура на радиодифузер; донесува одлука со која се поништува одлуката со која е дозволена промена во сопственичката структура на радиодифузер; донесува одлука за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност; донесува одлука со која се утврдува постоење недозволена медиумска концентрација; го информира органот надлежен за авторските права и сродните права кога се сомнева дека е сторена повреда на истите, ги донесува подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; ги донесува општите акти за работа на Агенција, го донесува Деловникот за работа на Агенцијата, ја усвојува завршната сметка на Агенцијата, ги одобрува годишниот извештај за работа за претходната година и годишната програма за работа за наредната година на Агенцијата кои се составен дел на извештајот за работа на

Агенцијата од членот 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, го донесува годишниот план за вршење на програмски надзор и Методологијата за вршење програмски надзор, одлучува за преземање мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија, донесува одлука за утврдување на листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија, донесува Кодекс за однесување на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата, ги избира и разрешува директорот и заменикот на директорот на Агенцијата во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и по постапка утврдена во Деловникот за работа на Агенцијата, дава одобрување за донесување на одлуките на директорот на Агенцијата за располагање со имотот, како и за вработувањата и отпуштањата на вработените во стучната служба на Агенцијата, го следи спроведувањето на годишната програма за работа на Агенцијата преку кварталните извештаи доставени од директорот на Агенцијата и да врши и други работи утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Директорот ја организира и раководи со работата на Агенцијата, одговорен е за законитото работење на Агенцијата и има надлежност да: ја застапува и претставува Агенцијата; потпишува договори во име на Агенцијата,ги предлага општите акти за работа на Агенцијата, го предлага Деловникот за работа на Агенцијата, годишниот извештај за работа и годишната програма за работа на Агенцијата кои се составен дел на извештајот за работа на Агенцијата од член 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; го предлага годишниот план за вршење на програмски надзор и Методологијата за вршење на програмски надзор, донесува решенија за прашања од надлежност на Агенцијата, издава потврди за регистрација утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, презема мерки во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во случаите кога е извршена повреда на одредбите на истиот Закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите; предлага мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија, ги предлага одлуките од надлежност на Советот, ги предлага подзаконските акти што се од надлежност на Советот, предлага листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија, дава овластувања на други лица во рамките на своите надлежности, одлучува за вработувања и распоредување на вработените во стучната служба на Агенцијата, врши и други работи утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Деловникот за работа на Агенцијата.

Мерките кои Агенцијата ги презема во случај на повреда на прописите се пропишани во членот 23 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во кој е утврдено дека доколку се констатира непочитување на одредбите од овој Закон и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, давателот на аудиовизуелни услуги по барање или операторот на јавни електронски комуникациски мрежи кој врши реемитување на програмски сервиси, директорот на Агенцијата, може да ги преземе следниве мерки:да донесе решение со кое ќе го опомене; да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка во случај кога и покрај донесеното решение за опомена продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменет, во текот на годината; да достави предлог до Советот за одземање на дозволата или да донесе решение за бришење од регистарот согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Правото на судска заштита Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изрично го пропишува во членот 24, согласно кој одлуките и решенијата донесени во случај на повреда на одредбите на овој Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти на Агенцијата се конечни и против нив може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежниот суд, во рок од триесет дена од денот на приемот на одлуката или решението.

## 2. *Предмет на анализа*

Оваа анализа се осврнува на управните спорови кои против акти на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година беа поведени пред Управниот Суд на Република Македонија од страна на физички односно правни лица.

## 3. *Број на поведени управни спорови против акти на Агенцијата*

Пред Управниот Суд на Република Македонија во анализираниот период (јануари - декември 2016 година) беа поведени седум управни спорови против седум акти на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од кои во еден управен спор постапката беше запрена со оглед дека тужителот ја повлече тужбата.

## 4. *Акти на Агенцијата против кои се поведени управни спорови во анализираниот период*

Управните спорови кои во периодот од 1 јануари до 31 декември 2016 година беа поведени, се однесуваат на следните акти на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа:

- еден управен спор беше поведен против одлука на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со која е одбиено барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат со претежно информативна функција, на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, поради тоа што врз основа на изработена студија од страна на Агенцијата е утврдено дека нема оправданост за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат со претежно информативна функција. Со тужбата со која е поведен управниот спор, тужителите бараат да се поништи како незаконита погоренаведената одлука донесена од страна на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- еден управен спор беше поведен против решение на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со кое решение оператор на јавна електронска комуникациска мрежа е опоменат, затоа што во рамките на својот дигитален пакет реемитувал програмски сервиси кои биле титлувани спротивно на член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и му е наложено веднаш по приемот на опомената да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со тужбата со која е поведен управниот спор, тужителот бара да се поништи како незаконито решението со кое операторот е опоменат за сторената повреда на Законот;

- пет управни спора беа поведени против пет одлуки на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со кои на радиодифузери им беа одземени дозволи за вршење телевизиско односно радио емитување, од кои:
  - ➢ четири управни спорови беа поведени против одлуки за одземање на дозвола поради тоа што имателите на дозволите не ја исполнија

обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно не го платија надоместокот за дозволата во законски утврдениот рок (три управни спорови против одлуки за одземање на дозвола за телевизиско емитување и еден управен спор против одлука за одземање на дозвола за радио емитување).

Во управниот спор поведен против одлуката за одземање на дозвола за радио емитување поради неплаќање на надоместокот за дозволата во законски утврдениот рок, тужителот ја повлече тужбата, следствено на што со решение Управниот суд ја запре постапката.

Во поведените управни спорови против одлуките на Советот на Агенцијата со кои на радиодифузерите им била одземена дозволата поради неплаќање на надоместокот за дозволата (кој основ за одземање на дозвола е децидно утврден во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), забележително е дека тужителите (радиодифузерите) не ги оспориле одлуките во однос на постоењето на конкретниот основ за одземање - неплаќањето на надоместокот за дозволата, туку изразиле несогласувања околу законското решение во смисла на: пропишаната формула врз основа на која се определува висината на надоместокот за дозволата, пропишаниот рок за исполнување на обврската за плаќање на надоместокот за дозволата (30 дена од денот на приемот на фактурата), како и во однос на самата постапка за одземање на дозволата поради неплаќање на надоместокот. Оттука, овие случаи на управни спорови, каде е неспорно постоењето на основот за донесување на оспорениот акт на Агенцијата односно одлуката за одземање на дозволата - неплатен надоместок за дозвола, се сведуваат на обид на радиодифузерите за евентуално враќање на дозоволата преку поднесување тужба против одлуката за одземање на дозволата.

- Еден управен спор беше поведен против одлука за одземање на дозвола за радио емитување поради тоа што и во дополнителниот рок, издавачот на медиум не ги изврши обврските предвидени во член 15 став 1 од Законот за медиуми (радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да ѝ доставаат податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини,

услуги обезбедени на трети страни и слично), остварени вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедување на дејноста и податоци за просечната гледаност или слушаност во претходната година) и обврските предвидени во член член 15 став 5 од Законот за медиуми (радиодифузерите се должни до Агенцијата да достават писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа. Писмениот извештај се доставува на образец кој го пропишува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

## 5. *Стадиум на постапките по поведените управни спорови*

Состојбата на постапките по тужбите со кои беа поведени управни спорови против актите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пред Управниот суд во анализираниот период е идентична. Имено, по доставувањето на тужбите за поведување управен спор до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, во законски утврдениот рок од страна на Агенцијата беше даден одговор на тужба во шестте активни судски постапки пред Управниот суд.

До моментот на изработката на оваа анализа, шестте поведени управни спорови се во тек, односно до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не е доставена одлука од Управниот суд.

Кон оваа анализа приложен е Преглед на управните спорови кои беа поведени во периодот од 1 јануари до 31 декември 2016 година со податоци за: подносителот на тужбата, датум на поведување на управниот спор, актот на Агенцијата против кој е поведен спорот, предмет на спорот, како и за состојбата на постапката по поведениот управен спор (Прилог 1).

## 6. *Преглед на бројот на поведени управни спорови против акти на регулаторното тело по години*

Со цел давање еден сеопфатен приказ на бројот на поведените управни спорови (по години) против актите на регулаторното тело, кое од Совет за радиодифузија (СРД) со денот на влегувањето во сила на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[4], се преименува и продолжи да работи како Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ), во продолжение на оваа анализа во графикон (Слика бр.1), сумарно е претставен бројот на поведени управни спорови пред Управниот суд, почнувајќи од 2007 година (кога е поведен првиот управен спор против акт на регулаторното тело) па заклучно со 2016 година, односно бројот на поведени управни спорови против актите на регулаторното тело во 2007 година, 2008 година, 2009 година, 2010 година, 2011 година, 2012 година, 2013 година, 2014 година, 2015 година и 2016 година.




Слика бр.1: Графички приказ на бројот на управните спорови поведени против акти на СРД/АААВМУ

Врз основа на компарираните податоци прикажани на Сликата бр.1 во оваа анализа, се забележува дека најмногу управни спорови против акти на регулаторното тело биле поведени во 2008 година (8). Нешто помалку управни спорови биле поведени во 2010 година (6) и во 2016 година (6). Во 2011 година не бил поведен ниту еден управен спор против акт на регулаторот. Податоците пак, од последните неколку

---

[4] Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16)

години односно 2013 година, 2014 година и 2015 година покажуваат дека во посочените години мал е бројот на поведени управни спорови против актите на регулаторот (2).

## 7. Заклучни согледувања

Анализираните податоци покажуваат дека во 2016 година пред Управниот суд биле оспорени шест акти на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од кои четири управни спорови радиодифузерите повеле во случаите кога со одлука им била одземена дозвола за вршење телевизиско односно радио емитување, еден оператор на јавна комуникациска мрежа оспорил решение со кое бил опоменат за реемитување програмски сервиси кои биле титлувани спротивно на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и еден управен спор бил поведен од страна на правно и физичко лице заради одбивање на барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.

Во управните спорови против одлуките за одземање на дозволата поради неплаќање на надоместокот за дозволата, кој основ за одземање на дозволата Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги децидно го утврдува, се забележува дека радиодифузерите не го спориле постоењето на основот за одземање (неплаќањето на надоместокот за дозволата), туку изразиле несогласувања околу законското решение во однос на определувањето на висината на надоместокот за дозволата, пропишаниот рок за плаќање на надоместокот, како и последицата од неисполнувањето на оваа законска обврска (одземање на дозволата).

Имајќи предвид дека во управните спорови – предмет на оваа анализа, до моментот на нејзината изработка, не се донесени правосилни и извршни судски одлуки, не може да се изведе заклучок за тоа каква е оценката на судот по однос на законитоста на оспорените акти на регулаторното тело.

Со оглед на тоа, како и утврдените состојби во анализите на управни спорови изработени за 2014 година и 2015 година, евидентно е дека врз основа на анализирани податоци на постапките за управни спорови на годишно ниво, не може да се извлече сеопфатен заклучок, од причина што споровите не завршуваат во истата таа година во која биле поведени.

Оттука, се предлага анализа на управните спорови Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да изработува, но нејзиниот предмет да опфаќа

поширока временска рамка односно управни спорови поведени во период од повеќе години, а Агенцијата да продолжи со водење/ажурирање на евиденцијата на управните спорови која ги содржи податоците за: субјектот/тужителот кој го повел управниот спорот, датум на поднесување на тужбата, предмет на управниот спор – актот на Агенцијата против кој е поведен и стадиум на постапката.

Од погоренаведените причини, годишна анализа на управни спорови не е предвидена во Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година.

Бр. 01-810/1

15.02.2017 година

Анализата ја одобри:

д-р Зоран Трајчевски, Директор

Прилог бр.1

# ПРЕГЛЕД НА ПОВЕДЕНИ УПРАВНИ СПОРОВИ ПРОТИВ АКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
## (во периодот од јануари 2016 до декември 2016)

| *Ред. бр.* | *Подносител на тужбата* | *Датум на поднесување на тужба до Управниот Суд* | *Акт на Агенцијата против кој е поведен управниот спор* | *Предмет на управниот спор* | *Стадиум на постапката* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ Комуникации ДООЕЛ Штип и Слободанка Блажевска од Штип | 18.01.2016 година | Одлука за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, УП1 бр.08-924 од 18.12.2015 година | Тужителот бара да се поништи како незаконита Одлуката на Агенцијата за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, УП1 бр.08-924 од 18.12.2015 година | **Агенцијата даде Одговор на тужба,** наш бр.03-36 од 15.02 .2016 година. |
| 2. | Трговско радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип | 24.02.2016 година | Решение на Агенцијата, УП1 бр.11-17 од 25.01.2016 година, за опоменување поради тоа што операторот во рамките на дигиталниот пакет реемитувал програмски сервиси со титл спротивно на член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. | Тужителот бара да се поништи како незаконито Решението на Агенцијата за опоменување, бр.УП 1 бр.11-17 од 25.01.2016 година | **Агенцијата даде Одговор на тужба,** наш бр.11-17 од 21.03.2016 година. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Трговско радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје | 09.03.2016 година | Одлуката на Агенцијата, бр.08-68 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година. | Тужителот бара од Судот и од Агенцијата „доследна примена на формулата за наплата на надоместокот за дозволата, изнаоѓање основ кабелскиот оператор Телекабел да го реемитува нивниот сигнал, Агенцијата да се откаже од наплатата која ја врши на операторот и дава препораки за измена во законот" | **Со Поднесок, на 18.03.2016 година** (наш бр.08-68 од 18.03.2016 година) **тужителот ја повелече тужбата.**<br><br>**Управниот Суд со Решение, У-3 бр.214/2016 од 28.03.2016 година, ја запре постапката по тужбата на тужителот ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје.** |
| 4. | Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово | 17.03.2016 година | Одлуката на Агенцијата, бр.08-63 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, бр.08-60 од 05.01.2015 година. | Тужителот бара да се поништи како незаконита и да ја преиначи Одлуката на Агенцијата, бр.08-63 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, бр.08-60 од 05.01.2015 година. | **Агенцијата даде Одговор на тужба,** наш бр.08-63 од 14.04.2016 година. |
| 5. | Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ Манчев ДОО Скопје | 05.04.2016 година | Одлуката на Агенцијата, бр.08-61 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ Манчев ДОО Скопје, бр.08-12 од 05.01.2015 година. | Тужителот бара да се поништи како незаконита Одлуката на Агенцијата, бр.08-61 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ Манчев ДОО Скопје, бр.08-12 од 05.01.2015 година и предметот да се врати на повторно постапување и одлучување. | **Агенцијата даде Одговор на тужба,** наш бр.08-61 од 28.04.2016 година. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Трговско радио дифузно друштво Радио Мерлин ДООЕЛ Дебар | 12.04.2016 година | Одлуката на Агенцијата, бр.08-55 од 11.05.2016 година, за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радио дифузно друштво Радио Мерлин ДООЕЛ Дебар, бр.08-97 од 05.01.2015 година. | Тужителот бара да се поништи како незаконита Одлуката на Агенцијата, бр.08-55 од 11.05.2016 година, за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радио дифузно друштво Радио Мерлин ДООЕЛ Дебар, бр.08-97 од 05.01.2015 година, и предметот да се врати на повторно постапување и одлучување. | **Агенцијата даде Одговор на тужба,** наш бр.08-55 од 11.05.2016 година. |
| 7. | Друштво за радио диуфузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга | 08.08.2016 година | Одлуката на Агенцијата, бр.08-347 од 11.05.2016 година, за одземање на дозволата за радио емитување на Друштво за радио диуфузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година. | Тужителот бара да се поништи Одлуката на Агенцијата, бр.08-347 од 11.05.2016 година, за одземање на дозволата за радио емитување на Друштво за радио диуфузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година, и предметот да се врати во фаза на доставување на одлуките во седиштето на тужителот. | **Агенцијата даде Одговор на тужба,** наш бр.08-347 од 26.10.2016 година. |